ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
Палата Македонија
Скопје, Р.Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@drz.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 0903-146/11**

**Дата: 29.07.2009**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА**

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Министерството за труд и социјална политика - Сметка за приходи наплатени од органи – Социјална заштита, за 2008 година, кои се прикажани на страните 4 до 5.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. За годината која и претходи на годината што е предмет на оваа ревизија, не е вршена ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

   - Љупчо Мешков, министер, за период од 31.08.2006 година до 26.07.2008 година
   - Џељаљ Бајрами, министер, за период од 31.07.2008 година

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните 1 до 3, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена во периодот од 18.05.2009-05.06.2009 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и
   - дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изнесеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2008 година дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

10.1. **Неправилност во искажување на приходите и расходите:**

10.1.1. Министерството за труд и социјална политика со цел целосно следење и контрола на поврат на повеќе или погрешно исплатените социјални права од страна на министерството, има отворено Сметка за приходи наплатени од органи-Социјална заштита на која се врши уплата на овие средства од страна на корисниците. Овие средства не се приход на министерството, и истите на крајот на годината не биле уплатени во Буџетот на РМ спротивно на Упатството за начинот на трезорското работење, што има за ефект повеќе искажани парични средства и неданочни приходи во Билансот на приходи и расходи, и помалку уплатени средства во Буџетот на РМ во вкупен износ од 1,143 илјади денари.

**Препорака**

1. Министерството за труд и социјална политика да утврди постапка за континуирана уплата на пристигнатите парични средства по основ на поврат на погрешно исплатени социјални помошти на корисниците, на соодветната уплатна сметка во Буџетот на РМ.

11. Според наше мислење, финансиските извештаи ја прикажуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Министерство за труд и социјална политика – сметка за приходи наплатени од органи – социјална заштита, под 31 декември 2008 година.

12. Според наше мислење, кај Министерство за труд и социјална политика – сметка за приходи наплатени од органи- социјална заштита, незаконски се остварени финансиски приливи во 2008 година кои се приход на Буџетот на РМ, но истите не се потрошени во финансиските трансакции на министерството како државни расходи за 2008 година.

Скопје, 29.07.2009 година **Овластен државен ревизор**



----------------------------

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2008 година

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2008 | 2007 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Неданочни приходи | 1,143 | 0 |
| **Вкупно приходи** | **1,143** | **0** |
| **Расходи** | | |
| **Вкупно расходи** | **0** | **0** |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | **1,143** | **0** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2008 | 2007 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 1,143 | 0 |
| **Вкупно тековни средства** | **1,143** | **0** |
| **Вкупна актива** | **1,143** | **0** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Пасивни временски разграничувања | 1,143 | 0 |
| **Вкупно тековни обврски** | **1,143** | **0** |
| **Вкупна пасива** | **1,143** | **0** |